# ПРОГРАМА
## за Државно Првенство на Македонија 2025 во категорија У-15 за дисциплина „Пливка“

Регистрација, пријавување и комплетирање на документите за натпреварувачите е **заклучно со 04.07.2025 (четврток) до 14 часот.**

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за натпревари за 2025 година, Државното Првенство на Македонија 2025 во категорија У-15 за дисциплина „Пливка“, ќе се одржи на 05. и 06.07.2025 (сабота и недела) на Прилепско Езеро.

Организатор на натпреварот е Македонската Риболовна Федерација и Натпреварувачката комисија – Пливка.

Клубовите (здруженијата) можат да учествуваат со еден или повеќе натпреварувачи. Доколку имаат три натпреварувачи, ќе се формира екипа и тој клуб ќе има и екипен пласман. Во случај еден клуб да има помалку од 3 натпреварувачи (или повеќе од 3), со ждрепка, тие ќе бидат рамномерно распоредени во секоја зона и нивниот резултат ќе се вреднува само во поединечна конкуренција. Ова се прави со цел за поголема масовност и се овозможува на Првенството да учествуваат клубови кои не се во можност да формираат целосни екипи од 3 члена или во своите редови имаат повеќе од 3 натпреварувачи во категоријата У-15.

Натпреварувачите за утврдување на идентитетот, задолжително треба да поседуваат Спортска легитимација за 2025 година.

**За овие натпревари ќе важат најновите Правила на FIPS-ed објавени во јануари 2023 година.** Правилникот за натпревари и судење во дисциплината Пливка според FIPS-ed (01/2023), е објавен на страната на МРФ во одделот Правилници.

На патеката се активни следните видови риби: црвеноперка, белвица, караш, крап, костреж, клен, попадика и др

Предвиден е официјален тренинг во петок 04.07.2025 година. **Право на тренинг имаат само натпреварувачите-учесници на Државното првенство за У-15. За време на тренингот, најстого се збранува користење на чуварка за задржување на рибата. Целата уловена риба мора да се врати назад во вода.**

**Програма и саатница:**

**Петок 04.07.2025**

Од 08:00 Официјален тренинг
16:00 Крај на тренингот

**Сабота 05.07.2025**

до 08:00 Пристигнување и пријавување
08:00 Извлекување на редослед и стартните места
08:30 Пристап на стартните места
08:45 Пет минути до проверка на прихрана и мамци
08:50 Проверка на прихрана и мамци
09:20 Почеток на тешка прихрана
09:30 Почеток на ловење риби
12:25 Пет минути до крај на натпреварот
12:30 Крај на натпреварот
до 13:30 Објавување на резултатите

**Недела 06.07.2025**

до 08:00 Пристигнување и пријавување
08:00 Извлекување на редослед и стартните места
08:30 Пристап на стартните места
08:45 Пет минути до проверка на прихрана и мамци
08:50 Проверка на прихрана и мамци
09:20 Почеток на тешка прихрана
09:30 Почеток на ловење риби
12:25 Пет минути до крај на натпреварот
12:30 Крај на натпреварот
до 13:30 Објавување на резултатите

# П Р О П О З И Ц И И
## за Државно Првенство на Македонија 2025 во категорија У-15 за дисциплина „Пливка“

### Член 6

За учество на натпреварите во организација на МРФ, натпреварувачите задолжително треба да поседуваат спортска легитимација.

За добивање на спортска легитимација потребно е да се достават до МРФ следниве документи:

- Барање за регистрација на сите натпреварувачи со матичниот клуб;
- Спортски договори за сите натпреварувачи;
- Лекарски уверенија за сите натпреварувачи издадено од лекар за спортска медицина или интернист;
- Лично осигурување за сите натпреварувачи.

**Член 22**

Право да пријават свои екипи и натпреварувачи на Државното првенство имаат оние клубови и здруженија, кои навремено извршат пријава и ја уплатат годишната членарина на МРФ. Бројот на екипи и натпреварувачи не се ограничува.

**Член 23**

Натпреварите за категоријата У-15 ќе траат 3 (три) часа, не сметајќи го времето за подготовка. Времето за подготовка се ограничува на 60 минути

Максимална должина на риболовната трска за категоријата У-15 се ограничува на 10 метри.

На натпреварите во категорија У-15 нема ограничување на техниката на ловење. Дозволени за ловење се сите видови риби.

**Член 24**

Дозволена количина на прихрана и додатоци за категоријата У-15 е 17 литри, во влажна и просеана сотојба.

Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, коноп, адитиви и слично.

Количина на мамки се ограничува на 1,5 литри, од кои најмногу 0,5 литри ларва на комарец (фуи), 60 мл. ларва (што се користи за на јадица) и најмногу 0,5 литри дождовен црв (несецкан).

**Член 25**

За чување на уловената риба во жива состојба, секој натпреварувач задолжително треба да има мрежа (чуварка). За категорија У-15 минималната должина е 2 метри.

**Член 26**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во спортски риболов во Р. Македонија.

Најдобро пласираната екипа и поединец се стекнуваат со титулата Државен првак на Р. Македонија во категорија У-15 во дисциплина „Пливка“ - за 2025 година.

Програмата ја изготвил
Зоран Кожухаров

Натпреварувачка комисија - Пливка
Претседател, Ѓоко Ицкоски